# ОТВОРЕН ПОВИК
# ЗА АНГАЖИРАЊЕ НА КОНСУЛТАНТИ ЗА ПОДДРШКА НА ИЗВОЗНО ОРИЕНТИРАНИ КОМПАНИИ ВО ПРОЦЕС НА ВКЛУЧУВАЊЕ ВО СИНЏИРОТ НА СНАБДУВАЊЕ НА СТРАНСКИТЕ ИНВЕСТИТОРИ

Бр.15-398/1
6.04.2023 година

**ПРЕДМЕТ:**
**ОТВОРЕН ПОВИК ЗА АНГАЖИРАЊЕ НА КОНСУЛТАНТИ ЗА ПОДДРШКА НА ИЗВОЗНО ОРИЕНТИРАНИ КОМПАНИИ ВО ПРОЦЕС НА ВКЛУЧУВАЊЕ ВО СИНЏИРОТ НА СНАБДУВАЊЕ НА СТРАНСКИТЕ ИНВЕСТИТОРИ**

**Проект:** Поддршка на приватниот сектор за регионална интеграција/ Private Sector Regional Integration Support Activity имплементиран од Стопанската комора на Северна Македонија и поддржан (ко-финансиран) од Агенцијата за меѓународен развој на САД (УСАИД) согласно Договор за соработка Бр. 72016522CA00001

**Проектна активност:** Поддршка на македонски компании за интернационализација и интеграција во регионалните и глобалните синџири на снабдување

**Цел:** Зголемување на конкурентноста на македонските компании и нивно подобро позиционирање во регионалните и глобалните синџири на снабдување.
**Основ за ангажман:** Договор
**Вид на поддршка:** Обезбедување на консултантски услуги
**Времетраење на поддршката:** Шест месеци

---

**Датум на објава на повикот:** 6.04.2023
**Краен рок за аплицирање:** 10.05.2023
**Рок на важност на апликацијата:** 90 дена

---

ОПШТИ ПОДАТОЦИ


1. Партнерска држава..............................................................................2
2. Договорен орган....................................................................................2
3. Основни информации............................................................................2
4. Вид на постапка..................................................................................... 2


АКТИВНОСТИ И ЦЕЛИ


1. Цел..........................................................................................................3
2. Активности..............................................................................................3
3. Обем на активности...............................................................................3


БАРАЊА ЗА АПЛИКАНТИТЕ


1. Критериуми за евалуација и бодување..............................................3
2. Потребни документи за комплетна апликација..................................3

ОПШТИ ПОДАТОЦИ

1. **Партнерска држава:**

Северна Македонија

2. **Договорен орган:**

Стопанска комора на Северна Македонија
„Димитрие Чуповски“ бр.13, 1000 Скопје

Контакт лице:
*Билјана Пеева-Ѓуриќ, Проектен менаџер*
*Телефон: +389 2 3244 034*
*Е-адреса:* [biljana@mchamber.mk](mailto:biljana@mchamber.mk)

3. **Основни информации:**

Стопанската комора на Северна Македонија отпочна проект за поддршка на приватниот сектор за регионална интеграција/ Private Sector Regional Integration Support Activity кофинансиран од Агенцијата за меѓународен развој на САД (УСАИД).
Целта на проектот е да ја поддржи регионалната економска интеграција на бизнисот во Северна Македонија. Во насока на остварување оваа цел и следење на промените во регионалното опкружување, УСАИД развива нови партнерства каде приватниот сектор е во фокусот и заедно со УСАИД треба да има катализаторна улога да го поттикне проширувањето на регионалните и западните пазари.
Генералната констатација е дека македонските компании се соочуваат со ниска извозна конкурентност, делумно поради ограничените маркетинг капацитети за пристап до странските пазари, недостатокот на посветеност на дигиталната трансформација на деловните процеси, ограничени кадровски капацитети за менаџирање на извозни активности, недоволно познавање на регулативата и условите за пристап до одредени пазари, како и, нецелосно спроведување на меѓународните стандарди за квалитет. Сето ова ги намалува можностите на македонските компании за зголемување на извозните активности и за поголема интеграција во регионалните и глобални синџири на снабдување.
Поради тоа, се наметнува потреба за поддршка на македонските компании со цел нивна интернационализација и интеграција во регионалните и глобалните синџири на снабдување.
Проектната активност за поддршка на компаниите ќе биде координирана од Стопанската комора на Северна Македонија, а имплементирана од консултанти, избрани по пат на овој јавен повик.
Поддршката за компаниите се состои во обезбедување на бесплатни услуги за поддршка при имплементација на меѓународни стандарди од консултанти/ консултантски куќи избрани во рамки на проектот.

4. **Вид на постапка:**

Отворен јавен повик за прибирање апликации од консултантски куќи/консултанти за техничка поддршка на извозно ориентирани компании во процес на вклучување во синџирот на снабдување на странските инвеститори, објавен на веб страната на Стопанската комора на Северна Македонија.
Изборот на компаниите ќе се врши во една фаза (без претходна пре – селекција) од страна на Комисија за евалуација формирана во рамки на проектот врз основа на утврдените критериуми во овој повик и доставени апликации од страна на компаниите.

Начин на аплицирање:
Заинтересираните консултантски куќи треба да аплицираат со испраќање на формулар и потребната документација наведена во овој повик
Документацијата се испраќа на следната адреса:
Контакт: е-адреса: ivana@mchamber.mk
Телефон: (0) 23 24 40 51

Апликантите ќе добијат повратна порака за успешно примена апликација од администраторот на проектот.

АКТИВНОСТИ И ЦЕЛИ

1. **Активности**

Консултантска поддршка на извозно ориентирани компании кои имаат потреба од истата во процесот на вклучување во извозно ориентирани компании во процес на вклучување во синџирот на снабдување на странските инвеститори.

2. **Цели**

Целта е успешна и ефикасна интеграција на 2 (две) домашни компании во синџирите на снабдување на компаниите странски директни инвеститори.

3. **Обем на активности**

Предвидениот обем на консултантскиот ангажман изнесува 10 (десет) консултантски денови по компанија, кои вклучуваат посета на компанијата корисник, скенирање на деловните процеси, портфолиото на добра и услуги кои ги испорачува компанијата корисник, анализа на критериуми за вклучување во синџир на снабдување на странските инвеститори, подготовка на акциски план за исполнување на критериуми, следење на реализација на критериумите, подготовка и остварување на деловна средба помеѓу компанијата корисник и странскиот директен инвеститор. По испораката на услугата, консултантската компанијата ќе треба да достави Извештај за испорака на консултантски услуги за секоја компанија одделно, како и Изјава за техничка подготвеност на компаниите за интеграција во синџири на снабдување на компаниите странски директни инвеститори. Предвидениот ангажман треба да се испорача во период од шест месеци по потпишување на Договор за испорака на консултантски услуги, во кој поспецифично ќе биде опишан обемот на работа, по претходна консултација со компанијата корисник на услугата.

Консултанската услуга, согласно дефинираната потреба на корисникот и предвидениот обем на работа не треба да надминува износ поголем од $2.000 долари по компанија корисник.

БАРАЊА ЗА АПЛИКАНТИТЕ

1. **Критериуми за евалуација и избор на компании и бодување**

| **Критериум** | **Бод** |
|---|---|
| Референтна листа | 30 |
| Специфично професионално искуство со ланци на снабдување | 30 |
| Финансиска понуда** | 40 |
| Вкупно | 100 |

* доколку аплицира консултантска куќа, понудата да биде во бруто износ, без да се наведува ДДВ, бидејќи проектните активности се ослободени од ДДВ.

** доколку аплицира физичко лице/консултант, понудата да биде во бруто износ со вклучен данок на личен доход.

Во случај на ист број на освоени бодови во фазата на евалуација, предност ќе имаат консултантски куќи/консултанти кои имаа поголемо искуство во испорака на услуга/и кои се во согласност со предметот на овој Повик.

Исполнувањето на критериумите ќе се оценува врз основа доставените документи.

## 2. Потребни документи за комплетна апликација

**Доколку аплицира консултантска куќа**

- Пополнет формулар
- Тековна состојба издадена во последните шест (6) месеци
- Потврда дека не е отворена постапка за стечај од надлежен орган издадена во последните шест (6) месеци;
- Потврда дека не е отворена постапка за ликвидација од надлежен орган издадена во последните шест (6) месеци;
- Уверение од УЈП за состојба на даноци, придонеси и други јавни давачки заклучно со 24.03.2023
- Листа на вработени лица – консултанти со кратки биографии (CV)
- Референтна листа
- Финансиска понуда на меморандум на компанијата (единечна понуда по компанија и вкупна понуда за 2 компании), заверена со потпис и печат од овластеното лице.

**Доколку аплицира физичко лице**

- Пополнет формулар
- Биографија (CV) и доказ за копмпетентност
- Уверение дека не е изречена санкција, забрана за вршење професија, дејност или должност
- Уверение за неосудуваност
- Референтна листа
- Потврда од работодавач дека е запознаен и согласен за учество на консултантот во проектот
- Финансиска понуда (единечна понуда по компанија и вкупна понуда за 2 компании) потпишана од консултантот


**Контакт информации:**
Адреса: „Димитрие Чуповски“ бр.13, 1000 Скопје

Контакт лица

Билјана Пеева-Ѓуриќ, Проектен менаџер
Телефон: +389 2 3244 034
Мобилен: +389 72 236 710
Е-адреса: biljana@mchamber.mk

м-р Михајло Донев, Оперативен менаџер
Телефон: +389 2 3244 067
Мобилен: +389 75 295 062
Е-адреса: mihajlo@mchamber.mk